Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 4, 10 декември 2007 година

декември 2007
Штип

СОДРЖИНА

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за учебникот "Енергетски ресурси" поднесен од авторите проф. д-р Панде Лазаров и проф д-р Тодор Серафимовски од Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 3

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Земјоделско машинство на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 8

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Растителна биотехнологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 12

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 16

РЕФЕРАТ за избор на соработник за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 18

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 20

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 25

РЕФЕРАТ за избор на соработници за областа информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 29

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област психологија на образование и воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 33

РЕФЕРАТ за избор на помлад соработник за научната област Биологија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 35

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Педагогија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 37

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Математика на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 43

РЕФЕРАТ за избор на соработници во научната област Рударство на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 45

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област Банкарство и финансии на Економскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 49

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. др. Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл.правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ БАНКАРСТВО И ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"- ШТИП

Со Решение бр. 0210-659/30 од 11.12 2007 год. од Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на **наставник во насловно-научно звање за научната област банкарство и финансии**, во врска со распишаниот конкурс во дневните весници "Нова Македонија" и "Лајм" од 2.11.2007 година и тоа:

1. проф. д-р Димитар Ефтимоски, претседател
2. доцент д-р Ристо Фотов, член и
3. доцент д-р Круме Николоски, член

По разгледување на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 133 од Законот за насочено образование и чл. 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, Рецензентската комисија го презентира следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област банкарство и финансии, од 2.11.2007 година, во дневните весници "Нова Македонија" и "Лајм", се пријавија следниве кандидати: д-р Весна Ангеличкова – дипломиран економист, Саздевска Оливера – дипломиран економист, Зиков Зоран – дипломиран економист и Весна Максимоска – дипломиран економист. Врз основа на пријавите за конкурсот и останатите потребни документи што ги приложиле кандидатите, Рецензентската комисија го констатира следното.

Согласно условите предвидени во член 133 од Законот за високо образование, кандидатите: Саздевска Оливера – дипломиран економист, Зиков Зоран – дипломиран економист и Весна Максимоска – дипломиран економист, не ги исполнуваат предвидените услови од наведениот член од Законот за високо образование, поради што Рецензентската комисија смета дека не треба да се земат предвид.

Кандидатката д-р Весна Ангеличкова е единствената за која Рецензентската комисија смета дека ги исполнува условите предвидени со член 133 од Законот за високо образование.

***I. Биографски податоци***

1. **Д-р Весна Димитар Ангеличкова**

Родена е на 20.1.1963 година во Штип, Република Македонија. Има дипломирано на Економскиот факултет во Штип, во 1985 година, со просечен успех од 9,67. Магистрирала на Економскиот факултет во Скопје, 1992 година, со просечен успех од 9,90. Докторирала на Економскиот факултет во Скопје, 2002 година, на тема "*Управување со активата и пасивата на комерцијални банки*". Од 1987 година е вработена во Стопанска банка АД Скопје, филијала Штип, каде што професион-

ално е ангажирана до ден-денес. Професионалната кариера ја започнува како самостоен референт во анализа со конкретни задолженија за:

- опсервација на целокупното банкарско работење од аспект на активните и пасивните активности и од аспект на денарските и девизните позиции;
- изработка на билансите на банката;
- следење на готовинските текови;
- изработка на финансиските извештаи.

Подоцна е вклучена во платниот промет со странство, директно во комуницирањето и праќањата на дознаките преку SWIFT системот.

Од септември 2000 година е член на Кредитниот одбор како оперативно тело на банката при анализирањето на кредитниот ризик и одобрувањето на кредитните барања.

Од април 2001 година е назначена за извршен директор на филијалата во Штип, а од декември 2002 година е назначена за извршен директор на филијалите Штип и Пробиштип. На оваа функција е и сега. Во 2002 година е наградена за најдобар менаџер на Стопанска банка АД Скопје.

Успешно се користи со програмите на Microsoft office, пред сé, Word и Excel.

Од странските јазици го познава англискиот јазик.

Автор е на 13 објавени научни и стручни трудови во списанито на Стопанска банка АД Скопје, во списанијата “Правник” и “Економија и бизнис”.

***II. Наставно-научна активност***

Во продолжение е презентиран списокот на приложените трудови до Комисијата од страна на кандидатот д-р Весна Димитар Ангеличкова:

1. *Управување на активата и пасивата на банката*, Стопанска банка, бр.9, септември 1998 година;
2. *Големиот предизвик што се нарекува финансиска интеграција*, Стопанска банка, бр.10, октомври 1998 година;
3. *Нови трендови во универзалното банкарство*, Стопанска банка, бр.11, ноември 1998 година;
4. *Некои проблеми на банките во транзиција*, “Правник”, број 79, ноември 1998 година;
5. *Сензитивна кредиторна политика*, “Економија и бизнис”, јануари 1999 година;
6. *Дали сме “за” промени во комерцијалното кредитирање*?, “Правник”, број 82, февруари 1999 година;
7. *Грчкиот економски предизвик*, Стопанска банка, бр. 3, март 1999 година;
8. *Реконструкција на банкарскиот систем*, Стопанска банка, бр. 4, април 1999 година;
9. *Ургентна реконструкција на банкарскиот систем*, Стопанска банка, бр. 7-8, јули-август 1999 година;
10. *Централизирано банкарско работење*, Стопанска банка, бр. 10, октомври 1999 година;
11. *Управување со активата и пасивата составен дел на деловната политика на банките*, Стопанска банка, бр. 4, април 2000 година;
12. *Технологијата го менува имиџот*, Стопанска банка, бр. 7-8, јули-август 2000 година;
13. *Линеарно програмирање*, Стопанска банка, бр. 9, септември 2000 година.

Во оваа пригода ќе презентираме само некои од приложените трудови кои се во врска со научната област на која се конкурира.

### *III. Анализа и оцена на трудовите*

Разгледувајќи ги трудовите и потребата од натамошниот развој на научната и стручната активност на кандидатката, Комисијата се определила да изврши анализа на најзначајните трудови кои ги има објавено досега. Меѓу досега напишаните и објавените трудови, најзначајни се, како од научно-стручно ниво така и од аспект на нивната актуелност, трудовите под редните броеви 1, 3, 4 и 5, наведени во списокот на објавени трудови, заради што ја даваме и нивната кратка содржина.

*1. Управување на активата и пасивата на банката*

Современата банка е присутна на финансискиот пазар, се јавува во улога да управува со економскиот капитал, како и во улога да управува со ризик.

Управувањето со активата и пасивата на банките претставува неопходниот услов за ефикасно менаџирање со ризиците, кои можат да се појават во различни облици, но најзначаен е финансискиот ризик кој се манифестира преку следниве категории на овој ризик: кредитни (неизвршување, неплаќање или квалитет на активата), ликвидоносни (финансирање), каматни стапки, ливериџот (на капиталот). Неспорен е фактот во теоријата и практиката, дека со ефикасното управување со ризикот се овозможува заштита на профитните маргини, сигурен и стабилен тек на приходи и стабилна пазарна вредност на акциите. Управувањето со активата и пасивата, практично, подразбира техники на управување со ризикот, применети со цел да се заработи определен приход со поддржување на поголемите побарувања од обврските на банката.

Теоријата и практиката во развиените пазарни економии имаат разработени механизми на заштита од ризикот или негово контролирање. Во таа смисла постојат разработени техники и механизми за заштита од ризикот, за што кандидатот д-р Весна Димитар Ангеличкова разработува некои од нив во трудот, при што во елаборациите, покрај разгледувањето на искуствата, применува и метода на компарација на таквите искуства со домашните пригоди и состојби во банките и пошироко со финансискиот пазар. Констатација на кандидатката во овој труд е дека реалноста во примената на ефикасна asset/liability management повеќе се однесува на планот на техниките на мерливост, отколку што на апликацијата на инструментите за ограничување на ризикот. ALM (asset/liability management) управува со ризиците од сите сфери, освен од кредитниот ризик. Секако дека банките се слободни во изборот на концепирањето на својот сопствен начин на евидентирање, анализирање и складирање на податоците заради постигнување на норма на управување на ризикот во рамките на разни сфери а во рамките на Базел II спогодбата.

Но целта на ALM (asset/liability management) се состои во остварување на максимизација на вредноста на акционерскиот капитал, зголемување на профитабилноста, а со самото тоа и на капиталот, задоволување на потребите на клиентите и опкружувањето, како и да се заштити банката од можни негативни последици од ризиците, пред се́, од ризикот на каматните стапки.

Конечно, кандидатката д-р Весна Димитар Ангеличкова во трудот констатира дека денес е забележлив трендот на либерализација на финансискиот пазар и се понагласената експанзија на тргувањето со хартии од вредност, кое неминовно го наметнува предизвикот за банките од приспособување на своето работење согласно пазарните услови.

*3. Нови трендови во универзалното банкарство*

Процесот на глобализација како неодминлив и незапирлив процес, свое влијание има и на финансиската сфера, а во тие рамки на финансиските пазари и банките.

Во трудот предмет на разработка е интернационалното банкарство и неговата ера на промени, кои се диктирани од острата конкуренција. Новите трендови и економскиот амбиент во кој делуваат банките во голема мера влијаат на нивното однесување. Имено, со оглед на тоа што пазарот на финансиските услуги бара специјализација, сé повеќе се наметнува потребата од фокусирање кон изнаоѓање на соодветен одговор за суштинско променетиот однос банка-комитент, каде големите компании директно се јавуваат на пазарот на капитал за обезбедување на долгорочни кредитни линии, без притоа да им е потребна банкарска услуга. Се разбира дека на малиот и среден бизнис сé уште ќе им биде потребна услугата на банките во делот на обезбедување на потребните кредити за сопствениот развој, сé додека, како што нагласува авторот, на таквиот бизнис не му се укаже можност за самостојно директно учество на пазарот на капитал. Покрај наведените трендови кои делуваат во правец на потребните корекции, односно приспособување на банките во своето дејствување, согласно новите барања што новиот економско-деловен абмиент ги наметнува. Банките, како што нагласува авторот, ќе треба да водат сметка за неопходните промени во своето вкупно деловно однесување, согласно незапирливиот прогрес на планот на техничките усовршувања од видот банкарски услуги преку телефон, PC или Интернет.

Под притисок на техничките иновации и сé пософистицираните барања на клиентите, се одвиваат промените во банкарството кои се забележуваат не само во асортиманот, туку и во дистрибутивните канали.

*4. Некои проблеми на банките во транзиција*

Во овој труд авторот го третира однесувањето на банките и банкарскиот систем во услови на транзиција. Високите банкарски стандарди, наметнати од процесот на глобализацијата и финансиска интеграција, стануваат доминантни и основни ориентири и рамки за насочување на деловните активности на банките, со што не им се остава место и простор на тезата за т.н. “патриотско” банкарство. Во таа смисла авторот упатува на потребата од влез на странски партнер во банкарскиот сектор, констатирајќи дека тоа не е само добра, туку и неизбежна работа. Добрата работа и бенефитот од влезот на странскиот партнер се состои, покрај директната корист (зголемена банкарска ефикасност, квалитетна политика на пласман, зголемена депозитна основа), исто така и индиректниот бенефит кој се состои во внесување на знаење.

*5. Сензитивна кредитна политика*

Кредитната политика претставува важен сегмент на деловната политика на една банка. Ваквата позиција на кредитната политика, како што забележува авторот, е недвосмислено детерминирана поради имперфектноста на финансискиот пазар и поради недостаток на финансиски инструменти. Ваквата состојба води неизбежно кон нагласена пресија за краткорочно кредитирање. Но, со оглед на тоа што кредитната политика подлежи на едновремено влијание на екстерни и интерни фактори, таа е чувствителна. Таквата сензитивност подразбира дека и најмалите осцилации кај споменатите фактори во значителна мера влијаат на креирањето на успешна кредитна политика.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на д-р Весна Димитар Ангеличкова, Комисијата смета дека таа има постигнато забележителни резултати. Во своите трудови кандидатката покажува чувство за избор на актуелни економски теми и со нивното просторно и временско лоцирање уште повеќе ги актуализира.

Комисијата констатира дека кандидатката д-р Весна Димитар Ангеличкова ги исполнува условите по расишаниот конкурс. Таа има објавено повеќе научни и стручни трудови со кои го свртува вниманието на научната и стручната јавност во земјата.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот “Гоце Делчев” Штип, во согласност со член 150 од Законот за високо образование, да ја избере д-р Весна Димитар Ангеличкова за **наставник во насловно-научно звање - доцент, во научната област банкарство-финансии.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Димитар Ефтимоски, с.р.**

**Доц. д-р Ристо Фотов, с.р.**

**Доц. д-р Круме Николовски, с.р.**